**Д-р Марија Ташева**

# ЕТНИЧКИТЕ ГРУПИ И ПРОЦЕСИТЕ НА ПРИСПОСОБУВАЊЕ И АСИМИЛАЦИЈА: АМЕРИКАНСКИТЕ ИСКУСТВА

Социолозите што ги истражуваат етничките групи го споделуваат ставот дека во општествата со интензивна имиграција, процесите на формацијата на етничките групи и процесите на приспособувањето и асимилацијата се тесно заемно поврзани. Дури, за повеќето од нив, тие претставуваат посебни аспекти на една иста појава. Секоја група на имигранти, поврзани преку елементите што го сочинуваат етничкото заедништво, поминува низ процес на себеобликување во новото општество. Со тоа таа ја усложнува неговата плуралистичка композиција, и истовремено, преку истиот процес, изнаоѓа начин да се приспособи на новата општествена ситуација и да се подготви за потполно втиснување во неа.

Секоја етничка група остварува редица функции. Најзначајните од нив се: а) таа има психолошка функција да им помогне на новодојдените да ја изградат својата групна самоидентификација, односно таа е фокусот на чувството на интимното заедништво ; б) обезбедува примеркувана мрежа на групи и институции кои ги ограничуваат групните односи од примарен тип на нејзините припадници во нејзини рамки; в) ги прекршува културните примероци на однесување и вредности на глобалното општество преку призмата на сопственото културно наследство.[1] Последнава функција, всушност, го претставува придонесот на етничката група за постепено приспособување на нејзините членови на новиот културен модел преку неговото усвојување во упростена и за нив сфатлива форма, и понатаму, за нивно постепено асимилирање, преку се поголемото приближување кон неговата автентична композиција.

Процесите на приспособувањето и асимилацијата на

---

1. Gordon M., Assimilation in American Life (Oxford Univ,.Press, New York, 1964) str. 38.

имигрантите во Америка први го истражуваат претставниците на Чикашката школа. Еден од нејзините први претставници, Роберт Парк, нив ги вградува во својата листа на процеси коишто се остваруваат во хетерогената градска заедница[2]. За него, приспособувањето претставува процес преку кој новодојденците со посебна културна основа, постепено, учејќи ги елементите на културниот примерок на домаќинското општество, започнуваат да ја намалуваат дистанцата меѓу себе и староседелците. Асимилацијата, пак, е процесот преку кој "луѓето со различна расна основа и различно културно потекло кои заземаат заедничка територија, постигнуваат културна солидарност која е доволна за да го обезбеди културниот опстанок".[3] Асимилацијата вклучува заемно делување меѓу староседелската и дојденските култури преку кое луѓето коишто не се слични по потекло започнуваат да споделуваат ист комплекс на сентименти, идеали и лојалности, односно таа е процес преку кој различните култури, или индивидуите и групите коишто ги претставуваат различните култури, се претопуваат во единствена хомогена целина.[4]

Идејата на Парк дека приспособувањето и асимилацијата претставуваат процеси што се остваруваат во доменот на културата ја застапува и неговиот современик Едвард Рос. Според него приспособувањето (или акултурацијата) и асимилацијата се развојни чекори на присвојувањето на културата на една општествена група од страна на друга општествена група. Акултурацијата се однесува на присвојувањето на културата на една група од страна на друга група, додека асимилацијата е понапреднат чекор на овој процес, кога присвојувањето на културата на другата група

2. Парковата листа на основни општествени процеси ги вклучува: натпреварот, конфликтот, прилагодувањето и асимилацијата. Првите два ги определува како процеси кои се условени од самиот природен поредок и човековото место во него: тие се дел од природната борба за опстанок. Другите два, пак, ги определува како процеси кои се карактеристични за хетерогените општествени групи.

3. Park R. A., Encyclopedia of Social Sciences, цит. по: Gordon, цит. дело, стр.63.

4. Park R.A., and Burges E. W., Introduction to the Science of Sociology, Chicago Univ. Press, 1921, цит. по: Gordon, цит. дело, стр.64.

достигнува степен кога се губат карактеристиките преку кои групата што присвојува се идентификува како претставник на матичната култура, како и кога таа повеќе нема чувство на лојалност кон неа.[5]

Терминот асимилација во својата употреба во јавниот живот на Америка делумно отстапува од неговите социолошки употреби. Во секојдневното поимање тој е сфатен како приспособување на новодојденците кое има достигнато обем кој овозможува тие да пронајдат свое место во општеството, кога тие се во состојба да земат удел во распределбата на добрата за задоволување на индивидуалните потреби, без притоа да го вклучат своето расно потекло или културно наследство.[6] Имигрантите се сметаат за асимилирани доколку ги имаат усвоено јазикот и социјалниот ритуал на домородната заедница и доколку се во состојба да учествуваат, без притоа да се судираат со предрасуди, во јавниот, економскиот и политичкиот живот. Асимилацијата се однесува на процесите од доменот на културата. Кога, пак, мешањето ќе добие биолошки димензии - кога ќе се изгубат посебните расни карактеристики преку брачното мешање, тогаш таа прераснала во амалгамизација. Преку асимилацијата, имено, постепено исчезнуваат културните разлики додека преку амалгамизацијата биолошките (расните).

Процесите на асимилацијата, од почетните чекори на приспособувањето на новиот културен примерок, па понатаму, преку втиснувањето во примероците на јавната, економската и политичката партиципација, до физичката хомогенизација, во реалноста имаат долга временска протегнатост. Оттаму и настојувањата на некои социолози да ги разграничат во повеќе последователни чекори. Во тој поглед можат да се најдат повеќе скали. Една од нив, доста често цитирана, е онаа на отец Ендрју Грили. Во неа приспособувањето на домаќинското општество е претставено преку следниве шест чекори:

1.Културен шок за новодојденците;

5. Rose A.M., Sociology: The Study of Human Relations, New York, Alfred A. Knopf, 1956, стр. 557-558.

6. Gordon M. цит. дело, стр. 63.

2.организација и самосвест и понекогаш националистички чувства за "старата земја";[7]

3. асимилација на елитата;

4. воинственост - водена од елитата и овозможена преку акумулацијата на моќта;[8]

5. само - омраза и анти - воинственост, најсилно артикулирани повторно од страна на елитната група како реакција на претходната состојба;[9]

6. манифестно приспособување - кое е означено преку лесното прифаќање како на етничкиот, така и на американскиот идентитет како потполно компатибилни.

Секвенци на етничко приспособување оформува и Милтон Гордон. Во една од нив тој прави разграничување меѓу два типа на асимилација: 1) бихејвиорална или културна асимилација (акултурација), која вклучува процес на учење на каноните и стиловите на живот на новото општество; и 2) структурна асимилација (или асимилација), која во себе вградува широка скала на појави, какви што се: влегувањето во кликите, клубовите и институциите на новото општество и укинување на групните разлики дури и на примарно ниво - во семејството и пријателството. [10]

---

7. Овој чекор го означува поврзувањето на новодојденците со блиска културна или друга позадина во група во која се остваруваат сите односи од примарен тип - во етничка група којашто развива свест за себе како посебна група во новото општество. Greely A., "Ethnicity as an Influence on Behaviour", цит. по Dashevski, A. (ed.), Ethnic Identity in Society, Raud Mc Nally, Chicago, 1976, стр. 15-16.

8. Во овој чекор доаѓа до забрзување на структурната сепарација, остварувана преку растот на специфичните институции кои ги заштитуваат специфичните групни интереси. Пример за такви институции се: професионалните гилди, научните здруженија, различни типови на друштва и сл. Исто.

9. Во петтиот чекор доаѓа до реакција на претходниот тренд преку хиперболизирање на пречките за структурна асимилација, што се надминува во следниот чекор, во кој се постигнува рамнотежа меѓу различните тенденции. Исто.

10. Gordon M. цит. дело..

Следејќи ги процесите што се остваруваат во американското општество, Гордон забележал дека е можно процесот на акултурацијата да се остварува и без голем удел на асимилацијата. Меѓутоа, откако асимилацијата на структурно ниво еднаш ќе започне, тогаш таа нужно доведува до редукција на предрасудите, дискриминацијата и интергрупниот конфликт, и, истовремено, до развој на чувството на припадност кон етничноста нагласено засновано на домаќинското општество. Во врска со современата американска состојба, тој ќе констатира дека во неа акултурацијата е придружена само со умерена асимилација. Акултурацијата ја поттикнува глобалното општество - тоа е дури нетолерантно кон групите коишто одбиваат културно да се приспособат. Меѓутоа, тоа во исто време не дозволува потполна структурна асимилација. Резултат на овие антагонистички притисоци се различни нивоа на меѓуетничка толеранција во посебните општествени сфери. На пример, во една фабрика можат да постојат толерантни односи меѓу работниците со потполно отсуство на расни или етнички предрасуди, но истите работници на еколошко ниво - при изборот на соседството, манифестираат отворени предрасуди.

Покрај посочената двочлена секвенца на асимилацијата, Гордон дава уште една, која вклучува седум последователни чекори:

1. Културна или бихејвиорална асимилација, која вклучува промени во културните примероци на оние што доаѓаат во даденото општество;

2. структурна асимилација, во која влегува широка скала вклучувања во примарно групните асоцијации на домаќинското општество;

3. брачна асимилација, која се однесува на широка скала на меѓубрачност;

4. идентификациска асимилација, која се однесува на изграденото чувство на припадност кон членовите на домаќинското општество;

5. асимилација на реципрочни ставови, која се однесува на отсуство на предрасуди;

6. бихејвиорална реципрочна асимилација, која вклучува отсуство на дискриминација;

7. граѓанска асимилација, која вклучува отсуство на вредносен и моќен конфликт.[11]

Во условите на американската средина, процесот на асимилацијата - расчленет во седумчлена секвенца, Гордон го следи преку примерок кој вклучува четири етнички групи: Црнци, Евреи, католици и Порториканци. Притоа, емпириските податоци до кои доаѓа ги посматра низ призмата на трите основни идеологии преку кои во оваа средина се објаснува овој процес: идеологијата на англо-конфоризмот, мелтинг-пот идеологијата и идеологијата на културниот плурализам.

## Идеолошки стојалишта во објаснувањето на процесите на асимилацијата

Формулацијата на процесите на асимилација во американската социологија упатува на ставот дека околу нив постои базична согласност. Меѓутоа, оваа согласност како да се руши кога од нивото на општите формулации ќе се помине на нивото на конкретните согледувања. Во однос на американскиот случај, посебните интерпретации на емпириската даденост резултираат во оформување на трите теории, или подобро трите пред малку споменати идеологии: англо-конформизмот, мелтинг пот (лонец за топење) идеологијата и онаа на културниот плурализам. Првите две се оформуваат нешто порано од третата, но сите три до денес имаат свои приврзаници.

### *Англо-конфоризмот*

Англо-конфоризмот претставува општ термин од кого се подведени повеќе стојалишта во врска со процесите на

11. Gordon M., цит. дело,

асимилацијата што се остваруваат во американската средина, на кои заеднички им е ставот дека е пожелно во Америка да се одржуваат англиските институции (односно нивната модификација постигната во времето на Американската револуција), пред сé англискиот јазик и англиските културни примероци. Оваа идеологија се оформила уште во времето кога покрај дојденците од англо-саксонско потекло на континентот започнале да се населуваат и луѓе со друга национална, расна и културна основа и била доминирачка идеологија во текот на понатамошното населување, влијаејќи во голема мера на нејзината квантитативна и квалитативна димензија поради тоа што била инкорпорирана во американската политика на имиграцијата.

Англо-комформизмот наметнува двосмислен однос кон имигрантите: од една страна, тие се сметаат како пожелни поради потребата од населување на неосвоените територии на континентот, како и поради потребата од работна сила за растечката индустрија; од друга страна, пак, тие се доживуваат како опасност за постоечката пуританска и евангелистичка традиција. Оваа амбивалентност станува дел и на поредокот - во неговата легитимна и бихејвиорална димензија. Легитимно - поредокот го гарантира правото на еднаквост - девизата на американската политика е "сите се создадени еднакви". Фактички - тој ја толерира нееднаквоста.

Ситуацијата на амбивалентност, се чини им била јасна на многу Американци уште од самите почетоци на изградувањето на примерокот на етничката разнородност. Така, во врска со ова, Милтон Гордон цитира едно писмо на Абрахам Линколн, адресирано до еден негов пријател: "Нашиот прогрес кон дегенерација мене ми изгледа многу брз. Како нација ние започнавме со декларацијата дека "сите луѓе се создадени еднакви". Сега неа ја читаме како "сите луѓе се создадени еднакви освен Црнците". Кога не знам кои би ја презеле контролата, таа би се читала "сите луѓе се создадени еднакви освен Црнците и католиците". На крајот од своето писмо Линколн дал предност на режимите од типот на рускиот кои

без хипокризија, јавно, ја манифестираат својата деспотска природа. [12]

Со текот на времето, ставот кон дојденците - како на ниво на политиката, така и на ниво на јавното мнение - добивал сѐ појасна содржина. Во него било изразено многу јасно барањето за заштита на позицијата на прводојденците од оние што доаѓаат подоцна. После големите доселувања од крајот на деветнаесеттиот век на имигранти од голем број европски земји (само во текот на 1882 година се доселиле осумстотини илјади луѓе)[13], загриженоста од нивното понатамошно доаѓање поттикнало организирани облици на заштита. Во последната деценија од векот изникнале редица асоцијации за заштита на интересите на староседелците. Тие придонеле чувството на припадност на англо-саксонската народност, засилено со "откритијата" на различните расни теории, да прерасне во нагласен етноцентризам. Искажан во социјалдарвинистички термини, овој етноцентризам би можел да се искаже со следната реченица: првите дојденци конституираат супериорна раса на високи, русокоси, модрооки Нордијци или Аријци, додека луѓето од Средна и Источна Европа - темните Алпинци и Медитеранци претставуваат инфериорна група.

Артикулацијата на овој етноцентризам во образовната сфера значи воведување на мерки преку кои домашната култура ќе се заштити од влијанието на инфериорните културни особености на новодојденците, како и мерки преку кои кај нив ќе се втисне почитта кон постоечките општествени институции.

Својот полн израз англо-конформизмот го достигнува во Движењето на американизацијата. Во неговите рамки делуваат редица асоцијации преку кои се настојува новодојденците да го научат англискиот јазик, да се приспособат на организацијата на трудот, да ги сфатат американските политички институции, како и да се разбудат кај нив патриотски чувства кон американската држава. Истовремено, тие настојуваат, преобратените Американци да ги изгубат лојалностите кон

12. Thomas B., Abraham Lincoln, Alfred A. Knopf, New York, 1951, цит. по: Gordon M., цит. дело, стр. 93-94.

13. Gordon M., цит. дело, стр. 96.

стариот крај, да ги заборават обичаите кои ги донеле од него, па дури да се ослободат од сеќавањата за него. После доаѓањето тие треба да ги напуштат јазикот, навиките и обичаите на сопствената земја и да ги прифатат стандардите на американскиот живот.

Овие настојувања јасно ги открива еден од говорите на Вудроу Вилсон, посветен на граѓаните на Филаделфија, во кој тој истакнува дека етничкиот групен идентитет е несовладлив со потполното американство. "Америка не ја сочинуваат групи..., човек кој мисли за себе како припадник на посебна национална група во Америка се уште не станал Американец".[14]

Ставени во преса помеѓу идеологијата на американизацијата и практиката на дискриминацијата, етничките групи развиваат свои механизми за опстанување во просторот на домаќинското општество. Тоа, пак, овие нивни мехнизми на самозаштита ги дефинира како наследен недостаток на способност за асимилација. Како најмалку способни за приспособување, притоа, се прогласени имигрантите од Јужна и Источна Европа.[15]

Таквата политика се задржува во годините на големата криза, како и после тоа, во годините на Втората светска војна. Во сите тие години јавни манифестации на политиката на англоконформизмот се брановите на расизам, на антисемитизам, како и редица други појави на расни и етнички предрасуди.

Анализирајќи ја политиката на англо-конформизмот, Милтон Гордон ќе констатира дека нејзината исновна цел - постигнувањето на асимилација преку воведувањето на другите во англискиот социокултурен модел, не би требало автоматски да се препознае како расизам. Тој открива повеќе точки на преклопување меѓу двете идеологии, но исто така и разлики кои не дозволуваат нивно автоматско изедначување. Манифестациите на расизам добиваат голема поткрепа од страна на оваа политика, но тоа не значи дека сите нејзини поборници автоматски можат да се наречат и расисти. За многу

14. Woodrow Wilson, President Wilson's Addresses, G.M. Hrper (ed.), New York, 1918, цит. по; Gordon M., цит. дело, стр.101.

15. Gordon M.,цит. дело, стр. 102.

од нив англо-саксонските институции имаат предност во однос на другите не затоа што се супериорни, туку затоа што тие ја сочинуваат основата од која е изграден американскиот институционален поредок. Приспособувањето на новодојденците, така, е условено од потребата за одржување на веќе воспоставениот американски поредок.[16]

Од друга страна, многумина во предрасудите и дискриминацијата гледаат привремена појава, која ќе исчезне тогаш кога процесот на асимилацијата ќе го достигне нивото на кое ќе се изгубат разликите меѓу посебните групи, и кога, преку интензивната меѓубрачна интеракција, ќе се постигне амалгамизација. Утопизмот на последново, меѓутоа, јасно е демонстриран преку самата практика на асимилацијата. Во неа се видливи настојувањата за приспособување, кое групите со различна културна основа го постигнуваат на свој сопствен начин, но, отсуствува потврдата за брза и потполна американизација.

Анализата на самиот процес на асимилација во тој поглед покажува дека тој многу малку се остварува преку формалните линии на контакт со американската култура.[17] Асимилацијата прво ја опфаќа втората генерација имигранти - децата на дојденците. Откако ќе бидат социјализирани преку американскиот образовен систем тие започнуваат да влијаат врз родителите, втиснувајќи ги кај нив елементите на американската култура. Секако, несакана нуз - последица на ова меѓугенерациско влијание е алиенацијата на групата на родителите од групата на децата во временски период кој е неопходен за постигнување на рамнотежа меѓу очекувањата и побарувањата на едните и на другите.

Првата генерација имигранти не е приспособена на институционалниот поредок на новото општество, исто како што и староседелците не се подготвени ним да им ги отворат вратите на комуналните институции. Втората генерација е социјализирана преку американскиот образовен систем, кој

---

16. Исто, стр. 102-103.

17. Hartman E. G., The Movement to Americanize the Imigrant, New York, Columbia Univ. Press, 1948, цит. по: Gordon M., цит. дело, стр. 107.

отстапува од социјализаторскиот модел на родителите. Во таква ситуација е неминовен конфликтот меѓу генерациите во имигрантските групи. Децата имаат недоразбирања со родителите. Но, нивната ситуација ја прави уште попроблематична сознанието дека и надвор од семејството не се во состојба да ги остварат своите очекувања. Тие сфаќаат, имено, дека нивните можности за партиципација во институционалниот живот се различни од можностите на претставниците на нивната генерација кои потекнуваат од домородната група. Затоа и се присилени да бараат решенија за своите проблеми. Едно од тие решенија се институциите и организациите внатре во етничката група. Во американската практика тие, во најголемиот број случаи, се изградени токму од претставниците на втората генерација.

## *Мелтинг-пот идеологијата*

Мелтинг-пот идеологијата, која опстојува паралелно со доминирачката идеологија на англо-конформизмот, е поттикната од сознанијата за процесите на мешањето на дојденците од западно-европските земји во раната фаза на доселувањето. Англиските колонисти брзо ги прифатиле дојденците од Германија, Скандинавија и Франција кои им припаѓале на протестантски секти. Меѓу нив се остварувале интензивни контакти од примарен тип (пред сè меѓубрачни контакти), кои условиле сите да се стопат во единствен американски народ - да ја создадат американската нација. Мешањето, притоа, било олеснето од близината на нивната културна основа, како и од сличноста на нивните физички карактеристики.

Изградбата на протестанскиот блок - на американската нација, дала аргументи во прилог на мелтин-пот идеологијата. Меѓутоа, нејзината исправност била доведена во прашање тогаш кога почнале доселувањата на дојденци со поразлична културна и физичка основа - кога, почнувајќи од последните две децении на деветнаесеттиот век, во Америка почнале да доаѓаат имигранти од Источна и Јужна Европа. Тие оформиле енклави во поголемите индустриски центри, во кои, со одредени

модификации, ја задржале својата стара култура. Сепак, оваа идеологија и понатаму продолжила да има свои приврзаници, напоредно со другите две. Од четириесеттите години наваму добила и своја модифицирана верзија - идеологијата на повеќестепениот мелтинг-пот, според која мешањето не се остварува во една, туку во повеќе точки, обично засновани на детерминантата на конфесионалноста. Имено, според неа, меѓубрачните врски се остваруваат меѓу дојденците од различни земји кои имаат иста конфесионална припадност, меѓу протестантите, католиците, православните, Евреите итн.

Емпириските истражувања кои се поттикнати од последнава идеологија обично се ограничуваат на примерокот на припадниците на три религии - протестантската, католичката и еврејската. Оттаму и најчесто се говори за троен мелтинг-пот.[18]

Самата идеологија на мелтинг-потот има повеќе интерпретации. Најекстремна од нив, негирана од практиката, е онаа која тврди дека имигрантите кои доаѓаат во американското општество се стопуваат во него без да оставaт било каква трага од својата матична култура. Оваа верзија, всушност, тешко може да се разграничи од идеологијата на англо-конформизмот. Разликата, овде, е само во однос на постоечката доминантна американска култура - таа е согледана како резултат на мешањето на културите на прводојденците од повеќе протестантски земји. Кај поумерените верзии, пак, толкувањето е дека имигрантите кои постигнуваат висока интермариталност, вметнуваат свој белег во примарните групи на домаќинското општество во кои влегуваат. Притоа, процесот на асимилацијата, во неговата крајна инстанца, доведува до изградба на нов тип на народност, која е различна од сите што учествувале во нејзиното оформување. Во неа нема место за предрасуди и дискриминација, зашто се изгубиле дистинктивните вредности на групите.

Подложувајќи ја на критичко преиспитување идеологијата на мелтинг-потот, Милтон Гордон ќе забележи

18.Kenedy R.,"Single or Triple Melting Pot? Intermariage Trends in New Haven, 1870-1940", A.S.R., Vol 49, No. 4, 1944.

дека таа е подалеку од реалноста од идеологијата на англо-конформизмот. Навистина, тој открива процес на стопување на дојденците од повеќе западно-европски земји во единствен протестантски блок, но суштинските одлики на овој блок го убедуваат дека тие се повеќе резултат на приспособувањето на сите протестанти на англо-саксонската култура, отколку на мешањето на повеќе култури. Некои делови од културата оставаат впечаток дека се финален продукт на лонецот за топење, но тие се оние што имаат маргинална позиција во културниот систем (пример за тоа е кујната) и не ја доведуваат во прашање американската самосвест, изградена од првите англо-саксонски имигранти. "Нашата културна асимилација", ќе заклучи Милтон Гордон, "е остварена не во лонец за топење, туку во лонец за претворање, во кој сите дојденци се трансформираат и асимилираат според идеализираниот англо-саксонски модел".[19]

### *Културниот плурализам*

Идеологијата на културниот плурализам е поттикната од неисполнувањето во реалноста на предвидувањата на двете претходни идеологии во однос на исчезнувањето на разликите меѓу имигрантските групи што го компонираат американското општество и оформувањето на единствена американска националност, заснована на единствен културен модел. Емпиријата покажува дека уште првата генерација имигранти од другите делови на Европа (неангло-саксонските) оформува етнички групи во кои се споделуваат проблемите врзани за воведувањето во животот на новото општество и во кои се дава заемна заштита меѓу дојденците. Во овие заедници се практикува моделот на живот донесен од матичната земја. Обично изделени просторно од останатите, со свои посебни локалитети во слам областите, овие заедници развиваат институционален живот кој тече паралелно со оној на поширокота заедница. Нивните членови земаат учество само во секундарно-типските сфери на поширокото општество,

19. Gordon M., цит. дело, стр. 128.

додека во примарно-типските релации остануваат врзани за својата етничка заедница.

Првата генерација доселеници на континентот се стопиле во протестантскиот блок. Втората генерација, наречена "нови имигранти", сочинета со доселеници од Источна и Јужна Европа, веќе го поттикнала разгорувањето на расизмот, кој во себе ги вклучува од една страна чувството на супериорност на "староседелците" и од друга страна, нивниот страв од промени на она што е веќе воспоставено. Кон новодојденците се зазема непријателски став, се поставуваат бариери за нивното вклопување во поредокот. Оваа, понатаму, нужно повлекува мобилизација на новите имигранти во изградбата на заштитни механизми за соочување со непријателството. Тие се собираат во заедници, чија јака внатрешна кохезија претставува противтежа на надворешното непријателство.

Соочувањето со емигрантското разнородие, битно различно од тенденциите кон хомогенизација што ги сугерира идеологијата на лонецот за топење, ја претставува основата на новото видување на процесите коишто се одигруваат на општествената сцена. На нивото на теоријата - новото видување прв го презентира Џон Дјуи - тој американската култура ја определува како спој на вредности со различно потекло.[20] Неговите идеи ги прифаќаат и посистематски ги елаборираат редица други научници, изградувајќи ја така идеологијата на културниот плурализам.[21] Според неа, американското општество е во состојба да го одржи својот поредок без притоа да врши притисоци за анулирање на разликите што ги наметнуваат новодојденците. Дури, "демократијата ќе биде повеќе продуктивна доколку вклучува тенденција за охрабрување на разликите".[22]

Перспективата на културниот плурализам својата јасна дефиниција ја добила во дваесеттите години на овој век.

---

20. Dewey John, "Naturalizing Education", во: Gordon M., цит. дело, стр. 140.

21. Голем придонес за изградбата на теоријата на културниот плурализам имаат Randolph Bourne i Norman Hapgood.

22. Hapgood N., "The Jews and American Democracy", The Menorah Journal, vol. II, No 4, Oct. 1914, цит. по: Gordon M., цит. дело, стр. 140.

Посебен придонес за неа има Хорас Кејлин, харвардски професор, кој како американски Евреин, во сите свои написи го истакнувал сопствениот став во однос на идеологиите на англо-конформизмот и мелтинг потот. Тој нив не ги прифаќал. Наместо нив го понудил својот модел на плуралистичко општество, применет на случајот на американското општество.

Кејлиновиот модел на американското општество е плуралистички во него посебните етнички групи заземаат различни простори од Америка, покажувајќи притоа отворени тенденции за соочување на сопствениот јазик, религија комунални институции и култура. Англискиот јазик, меѓутоа, и понатаму останува средство за општа комуникација. Преку него се обезбедува единството, како и преку отвореноста на приодите за партиципација во економскиот и политичкиот живот. Така, Соединетите Држави би биле федерација сочинета од повеќе единици со свој географски простор и свои културни карактеристики. Нацијата во глобала би имала заеднички јазик - англискиот, додека секоја етничка група би го негувала и својот јазик или дијалект и воопшто, би имала свои начини на изразување на сопствениот идентитет. Во исто време, економскиот и политичкиот живот би се одвивале преку интеракција на секоја од федералните единици со останатите. Накусо, Соединетите Држави би биле Коменвелт на национални култури.[23]

Обидите за реализација во практиката на заговорената идеја на плурализмот, наишле на веќе посочените препреки: 1. програмите за американизација, засновани на ставот за супериорноста на англо-саксонската во однос на останатите култури и 2. продлабочените расни нетрпеливости. Сепак, тоа Кејлина не го обесхрабрило да продолжи јавно да ја образложува својата идеја, дополнувајќи ја со нови детали. Тој објавувал многубројни написи, кои во 1924 год. биле објавени во единствен том, насловен со "Културата и демократијата во Соединетите Држави".[24] За него Кејлин добил признание за

23. Kallen Horace, "Democracy Versus Melting Pot", The Nation, Feb. 18 and 25, 1915.

24. Kallen Horace, Culture and Democracy in The United States, Boni and Liveright, New York, 1924.

творец и водечки претставник на теоријата на културниот плурализам. Истовремено, преку него терминот културен плурализам се наметнал во јавната комуникација.

Кејлин ја изградил својата теорија во духот на широко распространетата интеракционистичка традиција. Тој ги истражува групите во кои учествува поединецот, делејќи ги на примарни и секундарни и настојувајќи да го открие начинот на вклучувањето во нив. Кај секундарните групи, чии најзначајни претставници се државата, политичката партија, образовните институции, економските институции - тој ќе открие доброволност во вклучувањето - човекот се вклучува преку договорот. Кај примарните, пак, засновани на потеклото и семејните врски, ќе го утврди недоброволното врзување - во нив тој учествува преку чинот на раѓањето. Етничката група, како претставник на последните, го обезбедува природниот тек на оформувањето на личноста на индивидуата - таа е неопходна за одржувањето на психичката рамнотежа на личноста. Затоа и остварувањето на природата на поединецот преку животот на неговата етничка група претставува понатамошен гарант за јакнеењето на врвните вредности на американската идеологија - оние на еднаквоста и слободата. Правото да се биде различен, според Кејлина, води кон изградбата на систем на односи во кој луѓето се прифаќаат онакви какви што се "без да утврдат заемна хиерархија - тие се различни еден од друг и еднакви секој со секого.[25] Опстанувањето на етничките групи и нивната комуникација, заснована на премисите на заемното почитување и еднаквост, ќе ја збогатат тоталната американска култура со најразлични елементи. Истовремено, натпреварот меѓу групите ќе ги мобилизира напорите на секоја посебна култура за нејзино напредување. Американската култура ќе потсетува на оркестар во кого секоја единка врши различни активности при изградбата на националниот дух, но кој е единство на различија. Таа опстанува преку слободната размена меѓу различните странки кои се еднакви меѓу себе.

---

25. Kallen H., Americanism and itd Makers, Bourou of Jewish Education, 1944, vo: Gordon M, цит. дело, стр. 146.

Дека она што Кејлин го заговара не е остварено во американската практика, најдобра потврда се постоечките етнички гета и етничка хиерархија. Но, и дури ако се надминат психолошките бариери и политиката што тие ја обликуваат, прашање е дали идејата воопшто може да биде остварена. Зашто, самиот индустриски систем ја бара културната униформност за да може боз пречки да се развива. Во таа смисла и идеите на Кејлин наидуваат на критика. Меѓутоа, некои нивни аспекти ја добиваат поддршката од страна на повеќе социолози, посебно од Ајсак Берксон и Џулиус Дрешлер. Тие го поддржуваат неговото барање за заштита на комуналните институции на етничките групи, иако и двајцата не негуваат голем оптимизам во однос на очекувањата од нивна подолготрајна заштита.

Берксон укажува на некои недостатоци на теоријата на Кејлин, без да ја доведе во прашање нејзината исправност во глобала. Тој самиот, им дава предност на програмите во кои на секоја етничка група и се овозможува ефективно учество во општествениот живот на нацијата, задржувајќи го притоа правото на комунално ниво да го негува и штити своето културно наследство. За реализација на овие програми тој го препорачува комплементарното училиште, кое децата би го посетувале после часовите во јавното училиште, во кое би ги усвојувале елементите на етничката култура. Во таквите околности, на индивидуата би и била препуштена слободата сама да одлучува за моделите на улогите кои влегуваат во рамките на примарно-типското, односно оние што ги наметнува етничката група.[26]

Дрешлер ја истражува интермаританоста на етничко ниво, констатирајќи дека таа нагло расте кај сите имигранти од втората генерација со исклучок на Евреите и Црнците. Затоа предвидува дека лонецот за топење во иднина ќе биде ефективен и ќе донесе исчезнување на редица посебни етнички заедници. Меѓутоа, она што го приближува до идејата на

26. Berkson Isak B., Theories of Americanization: A Critical Study, with Special References to the Jewish Group, Theachers Coledge, Columbia Univesity, New York, 1920.

културниот плурализам на Кејлин е ставот дека процесот на топењето не треба да биде забрзуван од страна на владината политика. Неговото забрзување би имало деморализаторски ефекти врз членовите на етничките групи кои се социјализирани во духот на нивните специфични етнички вредности, и истовремено врз изградбата на новиот културен примерок, кој би требало да биде органски спој на различните културни примероци. Спонтаното остварување на процесот, притоа, би ги анулирало овие негативности. Истовремено, тоа би овозможило и одделни групи, какви што се Евреите и Црнците, и понатаму да ја негуваат специфичноста на својот комунален живот преку слободата на изборот да се остане посебен на групно или индивидуално ниво.[27]

Идејата на културниот плурализам ја поддржува и писателот од југословенско потекло Луис Адамич. Тој укажува на значењето на разнородните групи во збогатувањето на американската култура. Тие со време би се споиле во единствена култура и би довеле до изградба на единствен национален карактер, но додека трае процесот на топењето треба да им се даде можност на секоја од нив, да го негува она што се уште е задржано од нејзината матична кутура.[28]

Во педесеттите години, идејата на културниот плурализам добива сé поголема нагласка во рамките на социолошката литература. Таа претставува барање за обезбедување на општествена гаранција за опстанување на етничката културна традиција, како и гаранција на правата и одговорностите за учество во економскиот и политичкиот живот.

Милтон Гордон, кој ги анализира трите теории од аспектот на нивната можност да ги објаснат процесите на асимилацијата во американскиот живот, во шеесеттите години како да верува во нивните експланаторни можности. Меѓутоа, една деценија подоцна ќе констатира дека "теоријата на асимилацијата мора, заради целите на постигнување поголема

27. Drachsler Julius, Democracy and Assimilation: The Blending of Imigrants Heritages in America, The Macmillan Co., New York, 1920.

28. Adamic Luis, My America, Harper and Brothers, New York and London, 1938.

експланаторна моќ, да биде сместена во рамка на поширок теоретски контекст кој помага да се објаснат општите процеси на расни и етничко-групни односи".[29] Општата теорија, имено, би вклучувала не само социолошки туку и психолошки варијабли, разгледување на односите на моќта, како и истражување на релевантните социјалнопсихолошки процеси на човечката интеракција. Таквата теорија, се чини, сѐ уште не е компонирана.

## Асимилацијата од емпириски аспект

Во својата анализа, спроведена на веќе споменатит четиричлен примерок на етнички групи кои опстојуваат во американскиот простор - Црнци, Евреи, католици и Порториканци, Милтон Гордон се обидува да ги провери тезите на асимилацијата, сугерирани од страна на трите доминирачки идеологии. Неговиот заклучок е дека американското општество претставува мултипен лонец за топење. Во него се остварува процес на акултурација за сите групи после првата генерација на имигрирањето. Меѓутоа, паралелно со тоа, опстанува и структурната сепарација заснована на расата и религијата. Таа се однесува на "ситуацијата во која примарно групните контакти меѓу членовите од различни етнички групи се сведени на минимум, дури и тогаш кога се големи секундарните контакти на работа, на граѓанската сцена и во други области на безличен контакт.[30]

Двата пункта од кои се емитираат силите за одржување на структурната сепарација се: прво, мнозинската група и второ, етничката група. Мнозинската група, преку комплексот предрасуди, настојува да ја одржи дистанцата меѓу себе и останатите и со тоа да ја избегне опасноста од загрозување на привилегиите што ги има монополизирано. Етничката група, пак, во настојувањето да ги заштити своите колективни интереси, со текот на времето гради механизми за одржување

---

29. Gordon M., "Theory of racial and Ethnic Group Relations", во : Glazer N. And Mojnihan D., Ethnicity: Thery and Experience, Harvard Univ. Press, Cambridge Mass, 1975, стр. 88.

30. Gordon M., Assimilation in American Life..., цит. дело, стр. 235.

на сопствениот комунален и културен идентитет и со тоа го кочи процесот на асимилацијата на нејзините членови. Структурната сепарација, понатаму, придонесува за понатамошното очувување на особеностите на етничката група, за одржување на нејзиниот сопствен тип на верувања, вредности и историски симболи кои се значајни за лојалноста на членовите. Така, структурниот плурализам е придружен со културен плурализам.

## Асимилацијата од временска перспектива

Првата генерација имигранти не е во состојба да подлегне на процесите на асимилацијата, освен во исклучителни случаи - кои најчесто се однесуваат професионалци кои се во состојба да се вклучат во постоечкиот поредок како преку улогата која им се доверува во економскиот поредок, така и преку сопствената универзална култура, која им овозможува вклучување и во останатите домени на општествената комуникација. За сите што не се во состојба брзо да се приспособат, етничката група одигрува голема улога во совладувањето на проблемите што ги носи новата средина. Таа го ублажува шокот од судирот со непознатата средина и развива погодности за постепено приспособување на неа. Таа им овозможува на новодојденците да се движат во средина која ја доживуваат како пренесено делче од стариот крај. Но истовремено, преку инкорпорацијата во својот партикуларен институционален поредок на елементи од поширокиот општествен поредок, придонесува на нејзините членови новиот поредок да им биде претставен на начин кој им е сфатлив. Во добротворните друштва, осигурителни агенции, црковни кубови, национални организации и сл. е присутна американската култура. Сите облици на организиран живот на етничката група се "мешавина на старото и новото", односно "мигрантското субопштество посредува меѓу нативната култура на имигрантите и американската култура".[31]

31. Исто, стр. 244.

Следењето на појавните манифестации на животот на имигрантите покажува дека тие, живеејќи далеку од својот крај, сé уште се окупирани со неговите проблеми, задоволства и незадоволства, посебно се неговите дилеми во насоката на политиката. Меѓутоа, ако од ова се извлече заклучок дека тие сé уште се длабоко поврзани со своето излезиште и желни од далеку да го живеат неговиот живот, тоа би бил заклучок заснован само на појавни манифестации. Суштински, преку интересот за политичките збиднувања во нивниот стар крај, имигрантите ги прават понапреднатите обиди да се вовлечат во правилата на животот на новото општество. Емигрантите, како што ќе забележи Хобзбаум, подржуваат сé што е видено како национална кауза во земјата од која доаѓаат, посебно кога миграцијата е делумно политичка. Притоа, она што вистински стои зад таквите акти е "да ги следат своите интереси како Американци или Канаѓани".[32] Тие веќе започнуваат да се пазарат со другите групи за прераспределба на ресурсите со кои располага државата во која дошле.

Втората генерација имигранти - децата на имигрантите дојдени во Америка, освен во ретки исклучоци, ги има усвоено елементите на американската култура. Таа е во голем обем културно асимилирана. Притоа, еден од проблемите со кои таа се соочува, како што е веќе споменато, е јазот кој се јавува меѓу нивниот и социјализаторскиот модел на нивните родители. Во врска со него, со цел да се надминат проблемите што ги носи, повеќе социолози упатуваат на дејноста на образовните и социјалните институции. Тие би требало да делуваат во две насоки. Едната би се спроведувала преку акции со чија помош родителите побргу би се приспособиле на новата средина, другата би опфаќала дејности преку кои би се спречила, или барем ублажила опасноста од изградба на негативен етнички идентитет кај децата. Образовните институции, така, покрај тоа што би биле воведувачи во културниот поредок на американското општество, би требало да вклучуваат и

32. Hobsbaum E. J., Nations and Nationalismes since 1780, цит. дело, стр.155.

настојувања за изградба на позитивен став кон сопствената етничка група. Идејата, всушност е, асимилацијата да се направи постепен процес во чиј контекст свое позитивно место би имал етничкиот плурализам. Акциите што се препорачуваат како погодно средство за таа цел би ги опфатиле имигрантите уште од нивното доаѓање во новата земја, но посебно би биле насочени кон проблемите со кои тие подоцна се соочуваат. Така, настојувањата во однос на имигрантите од првата генерација би биле тие да бидат прифатени од своите во рамките на етничката група, како и да остваруваат делумни примарно-типски контакти, засновани на доброволна основа, со родените Американци. Најголеми усилби, би требало да се направат во доменот на акултурната (културната асимилација). Тие би опфаќале настојувања за приспособување на имигрантите на американската култура, пред сѐ, во однос на институционалниот поредок и секундарно групната сфера. Би вклучиле подука во однос на работните задолженија и комуникацијата во работната сфера, подука за функционирањето на комуналниот и тоталниот општествен систем преку која тие би се подготвиле за улогата на граѓани, како и подука за нивната социјализаторска улога во однос на сопствените деца. Ова, меѓу другото, вклучува и подука во совладувањето на јазикот, професионален тренинг, ориентација кон животен стандард кој е во согласност со постоечките технолошки погодности, упатства за користење на образовните можности, за политичка партиципација итн. Целта на сите овие напори би била на имигрантите да им се овозможи успешно вклучување во секундарно-типските односи на структурно и културно ниво.

Кај имигрантите од втората генерација, кај кои културната асимилација во голем обем е остварена, настојувањата би се насочиле кон избегнувањето на конфликтите во семејната сфера, како и спречувањето на девијации условени од расчекорот меѓу постигнатата културна и стручна асимилација. Во тој поглед, посебно е значењето на институциите кои имаат за цел да ја неутрализираат дискриминацијата во доменот на етничноста.

## Политиката на асимилација

Дејностите на американската влада во елиминирањето на етничката дискриминација, главно, имаат две насочувања: прво, кон ублажувањето и елиминирањето на сегрегацијата; и второ, кон постигнување на интеграција на имигрантите.[33]

Укинувањето на сегрегацијата (или остварувањето на процесот на десегрегација) ги опфаќа акциите насочени кон укинување на расните критериуми во организирањето на јавниот живот, во користење на сервисите и институциите. Тоа се акции кои треба да овозможат еднаков легален статус на сите граѓани во однос на остварувањето на граѓанството на локално и национално ниво. Интеграцијата, пак, вклучува промени во ставовите на поединците и групите преку кои би се намалиле омразата, стравот, непријателствата, предрасудите и сл. Тоа го вклучува уривањето на бариерите за остварување на меѓуетнички односи на примарно-типско ниво, односно за мешање на луѓето со различна култура, расна и религиозна основа. Интеграцијата е долготраен процес, зашто вклучува постепено реобликување на сферите на човековата свест и емоции.

Кенет Кларк, кој посистематски ја анализирал владината политика во сферата на меѓуетничките односи, заклучува дека таа не успева да постигне усогласеност меѓу процесите на десегрегацијата и интеграцијата. Интеграцијата претпоставува промени во персоналната структура на кои им одолева и супериорното мнозинство и етничкото малцинство.

Конкретната дејност на владата во однос на разрешувањето на проблемите на расна и етничка основа, Гордон ја прикажува низ три чекори:

1) Дејности во однос на елиминацијата на расни критериуми. Први од нив се неколкуте амандмани на Уставот (петтиот амандман, амандманот на граѓанската војна за

---

33.Clark Keneth, "Desegregation: The Role of the Social Sciences", Teachers College Record, vol. 62, No 1, Oct. 1960.

конституирање на Федерацијата, четиринаесеттиот амандман) кои гарантираат еднаква заштита пред законите, како и редица други одредби кои треба да обезбедат нејзино оправдување во практиката.

2) Инцидентно поредување во нормалното одвивање на процесите на интеграцијата, кои, инаку, по својата природа не дозволуваат владина интервенција, Во тој поглед нејзиното посредување би се остварувало само во случаи на посебни ексцеси.

3) Посредување во усогласувањето на институционалните сфери, односно во исклучувањето на можностите сегрегацијата да се одржува во некои сфери, кои, понатаму, би имале свој одраз и врз останатите сфери.

Постигнувањето на позитивни ефекти преку овие мерки во доменот на десегрегацијата, според Гордон, постепено би довело и до постигнувања во доменот на интеграцијата. Десегрегацијата во сферата на вработувањето, соседството, училиштето и граѓанството, би ги интензивирала позитивните контакти на секундарно ниво, а ова постепено би водело кон остварување на контакти и во примарната сфера на меѓугрупната комуникација. Со тоа би се зголемила близината меѓу групите. Меѓутоа, проблем кој останува отворен кога се во прашање владините процедури за укинување на етничките граници, се специфичните барања на некои етнички групи, како што се Евреите и католиците, за остварување на полна граѓанска еднаквост со истовремено сочувување на особеностите на својата специфична култура. Во разрешувањето на оваа контроверза Гордон предвидува постигнување на поголеми ефекти преку ангажманот на некои групи кои покажуваат трансетнички карактеристики (какви што се групата на интелектуалците или потомците на мешаните бракови) отколку преку мерките на владата. Преку нивните залагања би се постигнала рамнотежа меѓу партиципацијата во тоталниот општествен систем и идентификацијата со одредена субгрупа. Ова, всушност, би била практична реализација на идејата на културниот плурализам.

**Dr Marija Taševa**

***Ethnic Groups and the Processes of Adaptation and Assimiilation: American Experiences***

*Summary*

*The processes of assimilation in American life are prezented through some of the scales shaped in the investigations realized during sixties and seventies.*

*Also, there are elaborated the main ideological statements and theories in American sociology concerning these processes: the theory of americanization, the melting pot theory and the theory of cultural pluralizm.*